ТЕМПЛУМ
ЛИФТ БР.6-7
ЈУНИ-ЈУЛИ 95

100 ден.

# ЛИФТ

СПИСАНИЕ ЗА МАЛИ МОДЕЛАРИ И МАКЕТОНЦИ



ПЕШЕВ ЛАБРИС ВУДРИНГ КРАМБ ЛАРСОН ЕД FUJII




3 ТОНИ ПЕШЕВ ДОГОВОР СО ЦРТАЧОТ
14 СТАНКОВСКИ/ВУЛКАНСКИ ЛАБРИС...
38 ЧЕСТЕР БРАУН ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН
55 ЏИМ ВУДРИНГ
65 КРАМБ
74 FUJII СИРЕНА
78 ГЕРИ ЛАРСОН КАРИКАТУРИ



СПОНЗОР
SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS
SKOPJE, MACEDONIA
СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ
СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА


Сега гледате што е работата со нашиот чуден глушец од задната корица на минатиот број... Но, сцената што ја гледате (гадниот офицер што однекаде ви наликува на некого и атмосферата на балканска крчма момент пред гаснење на светлата, така ли беше, или во внатрешноста на некој пост-мрак во кој светкаат некакви - дали веќе и пост-историски?! - морбидни халуцинации... - кој, всушност, и може да знае каде се наоѓаме!?) - да ве утешиме -само е 923-та страница на нашиот Лабрис-стрип во кој, во меѓувреме, се случуваат толку страшни холограмски нешта што чувството по сé е - нестварност, всушност чувство толку блиску и од оваа страна, на "почетокот", на "сегашноста", уште и пред да ги "изодиме" проjоцираните осумстотини страници "напред". Заправо, пак станува збор за парадоксот на кругот: нам, на тнр. "макетонци", кои така страсно и прпелкаво го чувствуваме дното кадешто лазат и грицкаат животинките по име: Несигурност, Сиромаштија, Беда, Страв, Резигнација, нам, всушност, ни е подарена една футуристичка состојба кадешто "обезбитеноста" веќе не е историска и национална и јазична туку елементарна, генетска, индивидуална, виртуална, во крајна линија. Лифт има еден сјаен туристички слоган за **Македонија: единственото место кадешто виртуалноста е стварност!** Рака под рака со Токио и Калифорнија! Ете, тоа е причината зошто токму таква насловна страница (автор: А. Станковски) има овој Лифт.

Инаку, еве мала статистичка рекапитулација на она што Лифт досега го објави: во четирите броја има повеќе од 400 страници, од кои цели 160 (40%, што е фантастично!) се посветени на домашниот стрип (од тие 160, рака на срце, 100 припаѓаат на стрипот "Лабрис", но никако не треба да се занемари ни квалитетот на другите објавени домашни стрипови; освен тоа, и сите четири корици (лошо отпечатени, факт, и тоа е еден од нашите поголеми проблеми, колор-печатот) се извонредни авторски трудови на наши автори. Се разбира дека ќе се обидеме да ја задржиме оваа тенденција на добра застапеност на локалниот стрип, но сепак, пред сé, квалитетот е најважен, и во таа смисла: работете, експериментирајте, користете нови техники, нови сижеа, и бидете критични кон себе!

Имаме нов спонзор, Сорос центарот за современа уметност. Со нивна финансиска поддршка до крајот на годинава ќе се обидеме да објавиме уште три свески Лифт. Јасно е дека оваа работа (промовирањето на тнр. "арт" или "алтернативен" стрип, иако овие одредници се прилично сомнителни) во блиска иднина нема кој-знае-каква перспектива, но се надеваме дека барем ќе го подготвиме теренот за некои нови млади луѓе кои многу помасовно ваквиот тип на култура ќе го идентификуваат како свој генерациски знак на препознавање.

**П. Вулкански**

ЛИФТ


Одговорен уредник: П. Вулкански
Графички уредник: Н Гелевски
Компјутерско уредување: КОМА
Адреса: Александар Мартулков 13, Скопје ☎ (091) 317-008, 31 11 22

Насловна страница: А. Станковски (масло, 100x70); задна страница: Ботеро (масло, 225x187)
Соработници: Сања, Дијана, Дуле

# ПЕШЕВ



Тони Пешев има дваесет години и изненадувачки е што извонредно свежиот, но и зрел стрип што ќе можете да го прочитате во овој Лифт, "Договор со цртачот" (мала алузија на Гринавеј!), всушност е негов прв стрип! До сега Пешев повеќе се занимавал со цртеж (илустрации и карикатури), но во Скопје тој пред сѐ е познат како перфектен тетоваж-мајстор! Одлично користење на колажи, суптилен хумор, истенчено чувство за линија и нарација, впечатлив главен лик, фино одмерена авто-референцијалност - сето тоа се одлики коишто овој стрип на Пешев го дотуркаа до првите страници на Лифт.

## ДОГОВОР СО ЦРТАЧОТ



АХ! НЕМОЖАМ ДА РАЗБЕРАМ, ЗОШТО ПОСТОЈАМ, КОЈ МЕ СОЗДАЛ, ЗОШТО.....
ПА... ДА ПРАШАМ НЕКОГО?
НЕКОГО?!
НЕКОГО!!
НЕКО...
АХ! НЕМОЖАМ ДА РАЗБЕРАМ, ЗОШТО ПОСТОИ ЗБОРОТ „НЕКОГО", КОЈ ГО СОЗДАЛ, ЗОШТО....
АХ! НЕМОЖАМ ДА РАЗБЕРАМ, ЗОШТО ПОСТОИ ЗБОРОТ „НЕКОГО", КОЈ ГО СОЗДАЛ, ЗОШТО....
ЕЕЈ! ПА ОВА Е ПОЗНАТО..... ЗНАМ...... ДЕ ЖА ВУ!
1


ПУФ! ПУФ! ДОСАДНО МИ Е. ЌЕ СЕ ВРАТАМ НАЗАД.
ЗОШТО МОРА ЛУЃЕТО ДА СЕ ВРАЌААТ НАЗАД?
ЕЈ! ВИДМ НЕКОЈА СЛИКА
А
БАШ ДА ВИДАМ ШТО НАЦРТАЛЕ.
О....
А
АХ! НЕМОЖАМ ДА РАЗБЕРАМ, ЗОШТО ПОСТОИ ОВОЈ, КОЈ ГО СОЗДАЛ, ЗОШТО....
...МОЖЕ ДОБАР ЧОВЕК Е!


...МОЖЕ ИЗМИСЛИЛ НЕШТО......
....МОЖЕ ОН ЌЕ МИ КАЖЕ ЗОШТО ПОСТОЈАМ.
ЌЕ СЕ ВРАТАМ НАЗАД ДА ГО ПОБАРАМ.
ВИДИ!!! ВРАТА.... ...ДА ВРАТА.
1
...МОЖЕ НЕСМЕАМ ДА ЈА ОТВОРАМ.
ОВА СО ВРАТАВА КАКО ВО НЕКОЈА БАЈКА.
1
СЕГА ПА И СТРАВ ПОЧНА ДА МЕ ФАЌА. ДА НЕ ИМА НЕШТО ТАМУ?
1
АЈДЕ БЕ! МЕЧКА СТРАВ МЕНЕ НЕСТРАВ.


ИИИИИИ! ШТО Е ОВА БЕ?!
ОВА ВО БОЈА Е? МОЖЕ ОВДЕ Е ДОБРО.
УФ! ЗАБОРА-
ВИВ ДА РАЗМИ-
СЛАМ! МОЖЕ
Е ВИСОКО.
КАКО КАМИКАЗА
ПАЗИИИИ ПАЃА НЕКОЈ
ТУП
НЕ МРДА, А И БЛЕД МИ Е.
МРТОВ Е!!
4


ЧЕКАЈТЕ!!! МРДНА МАЛКУ
УФФ! АМА МИ СЕ ВРТИ.
ЗДРАВО МОМЧЕ.
ЗОШТО СЕРАМ КАКО КОЗА?
....МОЖЕ ИМАШ ЗАПЕК.


ЌЕ МИ КАЖЕШ ЛИ КОЈ СУМ, КОЈ МЕ СОЗДАЛ, ЗОШТО......
НЕЗНАМ ЈАС.....НЕ.. ...ТЕ МОЛАМ ОДИ СИ, НЕ СУМ ЈАС... МОЛИМ ТЕ!
ЗОШТО ПОСТО-ЈАМ, КОЈ МЕ СО-ЗДАЛ, ЗОШТО....
НЕЗНАМ КОГО ДА ПРАШАМ?
LES FRANÇAIS DANS LA MISERE... ÇA EXISTE !
Aidons les Français d'abord !
FRATERNITÉ FRANÇAISE


ЗНАЕТЕ ЛИ ЗОШТО ПОСТОЈАМ?
ЗАРАДИ ВОЉАТА БОЖЈА!!!
МЕ ОТКРИЈА СМРТНИЦИТЕ!!!
ГОСПОД ПРАТИ ПОРАКА НА ЗЕМЈАТА
MURDER
GOD CALLS IT
ABORTION
ВОЉАТА БОЖЈА...... ЗНАЧИ ТОА Е...
АМА ЈАС НЕ СУМ УБИЕЦ.


ДОБРО СЕГА БАРЕМ НЕМА ДА МИСЛАМ ТОЛКУ НА ТОА
?!
КАДЕ СИ ДО СЕГА! НАСЕКАДЕ ТЕ БАРАВ.
АЈДЕ ЌЕ ОДИМЕ КАЈ МЕНЕ НА ЕДЕН СОК ОД ВИШНИ.
...И ШТО ВИКАШ КАДЕ СИ БИЛ ДОСЕГА?
МАЛКУ ПОДОЦНА
БЕВ НА ЕДНО МЕСТО КАДЕ ШТО ОТКРИВ ЗОШТО ПОСТОЈАМ, КОЈ МЕ СТВОРИЛ, ЗОШТО.....
ХА! ХА!
НЕМОЈ ДА СЕ ПЛЕТКАШ СО ТОА! ТОА СЕ ОПАСНИ РАБОТИ. МОЖЕ ДА ТЕ НАМЕСТАТ И ПОСЛЕ КУР ВАДЕЊЕ! ЌЕ ЦРНЧИШ ВО ЗАТВОР!
ЗНАМ! ИМАМ НЕШТО ЗА ТЕБЕ. ДА СЕ ОПУШТИШ.
8


ЌЕ СЕ ПУКНЕШ И ТИ?
НЕ
ДОБРА РОБА ЧОВЕЧЕ.
НЕ
ЌЕ СЕ КАЕШ!
НЕ!
АХ! ПАК НЕМОЖАМ ДА РАЗБЕРАМ, ЗОШТО ПОСТОЈАМ, КОЈ МЕ СОЗДАЛ, ЗОШТО..... ......
ШМРК
ШМРК
УХ!
АХ!




○КРАЈ○

ПЕШЕВ '95



ХРАМОТ НА СЛОНОВИТЕ! ЕДНО ОД КЛУЧНИТЕ МЕСТА ВО ПОТРАГАТА ПО ФАМОЗНИОТ ДОКУМЕНТ ШТО СЕ НАРЕКУВА ЛАБРИС!
-С-т-а-н-к-о-в-с-к-и-/-В-у-л-к-а-н-с-к-и-
ЛАБРИС
ТУНЕЛ НА СТРАВОТ И УЖАСОТ IV
Тука сме... Секогаш чувствувам благи морници кога доаѓам овде... Како некакво место на моето раѓање...
Иако Коломбина се преобрази, кондицијата не ја загуби! До влезот на Храмот на Слоновите треба да се минат толку скали!
..Но, покрај сите тие сурли...


На влезот во Храмот се наоѓаат специјални чувари...
Тој детектив има некаква чудна срека... Дали е можно тој да е избран?!
Не гледам зошто би го потиснувала она што ми паѓа на памет: сурли-фалуси...
...И голема сурла со заби, што треба да се бакне, за воопшто да се влезе внатре...


И физички и ментално во врвна кондиција, Коломбина решително тргнува...
...Низ сите свиоци на Храмот...
Се надевам дека Грета не е потоната во некоја длабока состојба на медитација... Морам да зборувам со неа!
...Присеќавајќи се на одредени пунктови и крстосници каде што некогаш потрчнуваше...


...И СТИГАЈЌИ ВО ЕДНА ОД ПОЗНАЧАЈИТЕ ОДАИ НА ХРАМОТ НА СЛОНОВИТЕ, КАДЕ ШТО СЕ НАОЃА НЕЈЗИНАТА МАЈКА: ГРЕТА!
На своето вообичаено место...


Добродојде, душо. Панталону, како и обично?!
Здраво, Грета!


Коломбина! Се сеќаваш кога те лулеев на сурла?!
Здраво, Арлекин. Матно се сеќавам...


Оп-ла, еве ме! Ти треба мојата помош? Како и обично!
Тргни по мене, Коломбина... Ходникот е долг, ако се сеќаваш... Ходникот меѓу двата нивои на стварноста, хи хи хи!


Така Грета, Коломбина и Арлекин тргнуваат во тој меѓупростор, а Коломбина отприлика се чувствува како Наци Коминтерна во еден кус момент при возењето: нешто се прекрши, нешто се измени...


HG JD 82
Знам песна за кобасица: "Кобасицата докажува дека преобразбата ја надвладува смртта; цревото што месото го криеше во себе сега во себе крие месо!"
WAR IN THE GULF


HITLISTE DER EVOLUTION
Stammbaum der Hominiden (schematisch)
Australopithecus africanus 2-3 Millionen Jahre
Australopithecus boisei 2-3 Millionen Jahre
Ramapithecus 11 Millionen Jahre
Homo sapiens 100 000 Jahre
Homo erectus etwa 1,5 Millionen Jahre
Australopithecus afarensis etwa 5 Millionen Jahre
Homo habilis 2-3 Millionen Jahre
DER SPIEGEL
Freßsucht und Schlankheitswahn
Der Unfug der Diät
Дали ова околу мене е супстанција, функција или заебанција?!
"Јадењето на кобасицата е воскреснување на месото од мртво во живо црево!"
WURST


По прилично пешачење тројцата стигнуваат во централната одаја на целиот Храм: покрај казанот во кој Грета ги фрла трите пророчки ковчиња, се наоѓа една единствена страница од фамозниот Лабрис-документ!
Сакам да дознаам каде сега се наоѓа тој детектив!
Скоро сé, хи хи хи!
Ќе дознаеш, душо. Овде се дознава сé!


И навистина: на површината на волшебниот казан, како во некое магично огледало, се појавува (во центарот од спиралите кои ги творат оние ковчиња што тонат!) нејасниот лик на познатиот детектив, Наци Коминтерна!


За тоа време, во хотелскиот апартман, детективот Коминтерна (со чувство како да е благо скокотнат по главата) се буди, на момент, од краткиот и чуден сон кој потполно го одвои од светот на Хедона и вклучениот телевизор, и го воведе (сонот) во некои сфери од стварноста за кои не може ни да се зборува...
И како "влечкави одблесоци од криво и нечисто огледало", низ таа тиња од несфаќање и умор, успеваат да се пробијат треперливите пламенчиња на свеста...
Наци Коминтерна под перницата го побарува она што го извади од чантата на Хедона, и донекаде смирен...
...го исклучува телевизорот...
Pop
...и светлото, упаѓајќи во специфичната состојба што се нарекува: "милитантна опуштеност".


(Во дневникот на Наци (што ажурно беше фотокопиран од тајната служба), по смртта на неговата пријателка, пред седум години, остана забележано ова: "...Едно говедце со заврзани очи, во одамна подготвената игра, чувствува дека тоа што одвај го допира превезот преку очите – е неон, нешто однадвор, или нешто однатре, од самиот себе, а не онаа очекуваната, со волшебно стапче за оживување: госпоѓа Сенка; што не значи дека не госпоѓа Сенка!")
Како што ни рендгенските зраци не можат да се фокусираат, така и соништата на Наци Коминтерна остануваат таму каде што се: во недопирливоста, играјќи ја улогата на дупка на перецата од мистерии...
Во тајното досие, за тој друг живот на Наци, на чувствата и соништата, запишано е, лично со раката на Бахус: "Дотичниот Наци Коминтерна, слично на некој просветен Орфеј се вденува во својата сенка". "Неговата душа наликува на лилјак: доаѓа до света во мрак, скришност, осаменост"...


"НО, АКО НЕ СО РЕНДГЕНСКИ ТОГАШ СО ЕЛЕКТРОНСКИ МИКРОСКОП, НАЦИ!!" – ЗБОРУВАШЕ БАХУС ПО СПЕЦИЈАЛНИТЕ ТРЕНИНЗИ ВО ТЕМНИТЕ КОМОРИ. "ЕЛЕКТРОНИТЕ ИСФРЛЕНИ КОН НЕКОЈ ПРЕДМЕТ ЈА ОЦРТУВААТ НЕГОВАТА ФОРМА КАКО ШТО ФРЛАЧОТ НА НОЖЕВИ ГИ ОЦРТУВА КОНТУРИТЕ НА БРАДЕСТАТА ДЕВОЈКА, ХА ХА ХА!"
ЈАСНО ДЕКА НАЦИ, СЛИЧНО НА МЕЧКА, ДУРИ И КОГА СОНУВА, ГИ НАСЛУШНУВА ЗВУЦИТЕ НА ОПАСНОСТ... ТОЈ САМО МУ ДАВА ШАНСА, НА ОНОЈ КОЈ СЕ ПОТКРАДУВА, ДА ПРЕЖИВЕЕ!
KVRRRCC
На невидливата сенка ѝ обрнувам внимание дека со овој овде пиштол можам да ја совидам во пештерата на смртта, за час!
"...ОЧИ ШТО СЕ ОТВОРААТ ОД МРАКОТ НА ЖЕЛБАТА, ОЧИ ОД КОИ СЕ ПОМАТУВААТ МУГРИТЕ НА ИСТОК. ВО ШТО Е НИВНАТА ЧАР ОТКОЛКУ ВО МЕКОСТА НА РАЗВРАТОТ?" ДЕТЕКТИВОТ КОМИНТЕРНА ЕДНО ЗБОРУВА, А ДРУГО РАЗМИСЛУВА! СЕ ЧИНИ ДЕКА ТОЈ ВЕЌЕ ПРЕТЧУВСТВУВА ДЕКА ОНОЈ ШТО ТАКА БУЧНО СЕ ПОТКРАДНУВА НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ОПАСЕН...


Ох, тој студен метал... Се надевам дека нема со истрел да се обидеш да ме загрееш, детективу Наци?!!
Слушајќи го познатиот глас, Коминтерна го пали светлото, со олеснување...
Хедона, можев да те убијам!


Па... Подобро Хедона отколку Човек-Слон...
Дури тогаш детективот Наци си допушта себеси мало опуштање.
Можеби јас и сакам да бидам убиена, Наци?!
Мислам дека на каучот не ти е баш најудобно...
Дали заради здодевност, страв, просто тој мрак на желбата од кој се отвораат лепливите капци на сонот, Хедона го зема детективот Коминтерна во својот кревет...


...КАДЕ ШТО НАБРЗО ГО ОСЛОБОДУВА
НАЦИ ОД НАТАЛОЖЕНИОТ ПЕСОК НА
ВЕРНОСТА И СЕЌАВАЊЕТО...


...РАЗБИВАЈЌИ ГИ ИМАГИНАРНИТЕ
ПЕСОЧНИ ЧАСОВНИЦИ ВО ПАРАМ-
ПАРЧЕ, И ПОВТОРНО ВНЕСУВАЈЌИ
НЕКОИ НОВИ ЛИНИИ, ПАРАМЕТРИ
И РЕАЛНОСТИ ВО ЕДЕН СВЕТ ВО
КОЈ СЕ ЗАГУБИЛЕ СИТЕ ТОЧКИ
НА ПРЕПОЗНАВАЊЕ...


ИАКО, ТРЕБА ДА СЕ ПРИЗНАЕ, ВО ПОЧЕТОКОТ ДУРИ ОБИДУВАЈЌИ СЕ ДА СЕ СПРОТИСТАВИ, НАЦИ КОМИНТЕРНА, НА НОВИОТ ОДНОС НА РАБОТИТЕ...
"Тело - енциклопедија на болки и излачувања..."
...ТОЈ, НАБРЗО СЕПАК ЈА ПРИФАКА ИГРАТА, И ДОДЕЛЕНАТА УЛОГА ВО НЕА...


AH
AH
AH
AH
OO
AH
AH
AH
AH
AH


AH
AH
AH
AH
AH
OO
OH
OOH


OH
OH
UH
UH
UH


...Тоа што се случи... "повеќе ги одржува отколку што ги пречекорува нашиѓе граници; имитира излез, а води во ќорсокак..."
ВО ОДЕДНАШ ОТВОРЕНАТА ТИШИНА, НАЦИ КОМИНТЕРНА И ХЕДОНА ВЕРОЈАТНО ЗАСПИВААТ.


ВО СЛЕДНАТА ЕПИЗОДА:
Во огромното ателје полно со
гола девојка, и потрчува кон
SEKS, DROGA
I UMETNOST!
НАЦИ КОМИНТЕРНА
ВО АТЕЉЕТО НА
МИЗОПОНИЈА

# ЧЕСТЕР БРАУН
# ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН
## (ЧЕТВРТО ПРОДОЛЖЕНИЕ)




МИСЛАМ... КОГА ЌЕ ГО ДОБИЈАМ СВЕТОТ ШТО ЌЕ ПРАВАМ СО НЕГО?
ВО РЕД, МИЛИЧОК, САДОВИТЕ СЕ ИЗМИЕНИ -- ЈАС И МАЈКА МИ ОТИДОВМЕ.
УХ УФ.
ЕДИНСТВЕНОТО НЕШТО ЗА КОЕ Е ДОБРА МОЌТА--
СРЕЌНО.
-- Е ЗДОБИВАЊЕТО СО ПОГОЛЕМА МОЌ--
МАМО, ПОДГОТВЕНА?
ДА.
-- И КОГА БИ ЈА ИМАЛ ЦЕЛАТА МОЌ--


ИЗВИНЕТЕ
ГОСПОЃИ--
-- БИ САКАЛ САМО ДА ГИ ПРОВЕРАМ ВАШИТЕ ДОЗВОЛИ.
СЕ РАЗБИРА, ОФИЦЕРУ.
ФИНО... ФИНО.
НЕМА ДА ВИ ПРЕЧИ ДА НИ ПОМОГНЕТЕ ДА ЈА ПОДИГНЕМЕ ОНАА ШАХТА. НЕЛИ?
НИ МАЛКУ.
УХ


БЛАГОДАРАМ,
ОФИЦЕРУ.
СРЕЌЕН
ЛОВ.
ДОЗВОЛА
ЗА НОСЕЊЕ
ПАНТОЛОНИ!
ПИХ
ПССТ
МАМО!
ВО МЕЃУВРЕМЕ, НЕДАЛЕКУ, ВО ЈУРА ПАРКОТ


ШТО ПО ЃАВОЛИТЕ?
ТОЈ МЕ УБИ!!
ЧИТ МЕ УБИ!!
ЗНАЕВ ДЕКА ТРЕБАШЕ ДА РАСКИНАМ СО НЕГО!
...
... ПИГМЕИ?


ЕЈ !
КАДЕ МИСЛИТЕ ДЕКА ЌЕ ОДИТЕ СО МОЕТО ТЕЛО?!
УХ
НЕ МОЖАТ НИ ДА МЕ ВИДАТ НИ ДА МЕ ЧУЈАТ.
ЏОСИ.
ТИ МОЖЕШ ДА МЕ ВИДИШ?



СЕ РАЗБИРА-- И ЈАС СУМ ДУХ КАКО ТИ. СЕ ВИКАМ ЕНИ.
ОД КАДЕ ГО ЗНАЕШ МОЕТО ИМЕ?
ТЕ НАБЉУДУВАМ ВЕЌЕ НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ -- ПА, НЕ НАВИСТИНА ТЕБЕ -- ГО НАБЉУДУВАМ БРАТ МИ.
ТВОЈОТ БРАТ? МИСЛИШ НА ЧИТ?
ТОЧНО.
ТОЈ НИКОГАШ... НЕ ТЕ СПОМЕНАЛ ТЕБЕ.
ПА, КОЈ ВООПШТО ЗБОРУВА ЗА СВОИТЕ МРТВИ СЕСТРИ?
ДАЛИ Е ОВА СЀ ШТО СЕ ПРАВИ КОГА СИ МРТОВ? САМО ГИ ГЛЕДАШ ЛУЃЕТО? ЗАРЕМ НЕ СТАНУВА ДОСАДНО?
ВСУШНОСТ, НЕ СУМ СОСЕМА СИГУРНА ДЕКА ТИ СИ МРТВА.



МИСЛАМ ДЕКА БИ МОЖЕЛА ДА СЕ ВРАТИШ ВО СВОЕТО ТЕЛО.
НАВИСТИНА?
СЕ НАДЕВАМ ДЕКА ОНИЕ ПИГМЕИ НЕ МЕ ОДНЕЛЕ МНОГУ ДАЛЕКУ.
АКО НЕ МОЖЕШ ДА ГО НАЈДЕШ САМО ЗАТВОРИ ГИ ОЧИТЕ И ЌЕ ОТПЛОВИШ ВО НЕГО.
ДОБРО-- БЛАГОДАРАМ.






EJ! ЧЕКАЈТЕ!
ШТО ПРАВИТЕ СО ТОЈ НОЖ!?
ЧЕКАЈТЕ! НЕ!


Е, НЕ -- НЕМА ДА ДОЗВОЛАМ ПОВТОРНО ДА СЕ СЛУЧИ ТОА!
ААААА!
АААААААААА!
УГА БУГА!
ААА!
УГААА БУГАА
УГА БУГА!
ААА!
АААА
УААААА


ЧАО!
ЧАО!
ЧАО!
ЕЕЈ!
ШТО МУ Е НА ТВОЈОВ ПЕНИС?
ЈАС НЕ СУМ ПЕНИС!
ЈАС СУМ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ!
УХ! ОВА Е ПРЕМНОГУ. -- ТОА **НАВИСТИНА** ЛИЧИ НА РОНАЛД РЕГАН!
И, ШТО Е ТУКА ПРЕМНОГУ?



НЕМА ДА ТИ ПРЕЧИ АКО ГО ПОКРИЈАМ, НЕЛИ?
УМ... УХ... НЕ... ПРЕТПОСТАВУВАМ ...
ДА НЕ СИ СЕ ОСМЕЛИЛА!
ЕВЕ -- СЕГА Е ПОДОБРО.
ММХХ
МФ
ММХХ
АЈДЕ-- -- ДА ИЗЛЕЗЕМЕ ОД ОВДЕ.
ШТО Е РАБОТАТА?


ТОЈ...
МЕ ГРИЗЕ!
...ООООФ...
ОХ...
ЖАЛ МИ Е.
ПОДОЦНА
ЧЕКАЈ МАЛКУ, МАМО-- АЈДЕ ДА СЕ ОДМОРИМЕ ЕДНА МИНУТА.
ДА СЕ СООЧИМЕ ФИОНА-- СЕ ИЗГУБИВМЕ--
-- И ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН ДА СЕ ИЗВЛЕЧЕМЕ ОД ОВДЕ Е ДА ЈА УПОТРЕБИМЕ БАТЕРИСКАТА ЛАМБА.
ВИДИ МАМО, МОРАМЕ ДА ГИ ШТЕДИМЕ БАТЕРИИТЕ СЀ ДОДЕКА НЕ НИ ЗАТРЕБА ДА ГЛЕДАМЕ.


ШТО Е ТОА?
НЕШТО СЕ ДВИЖИ ОНДЕ!
ШУШ
ШУШ
ПОЧЕКАЈ ДА ЈА ЗАПАЛАМ БАТЕРИСКАТА ЛАМБА!
BLAM
BLAM
АУГХ!
МАЈКО!
ШТО? ТОА Е САМО ПИГМЕЈ.
МОЖЕ ДА Е НЕКОЈ ОД ДРУГИТЕ ЛОВЦИ.
ОХ ГОСПОДИ.
СРАЊЕ!


ДАЛИ СТЕ ДОБРО? НЕ ВЕ ПОГОДИВМЕ, НЕЛИ?
ОХ...
ПО ЃАВОЛИТЕ!
НЕ ПОВТОРНО!
CWDB 87

# ЏИМ ВУДРИНГ

## ФРАНК И СВИЊЧО

**Кои се тие мали чудни креатури кои го населуваат *PLAY-DOH*-обоениот свет на Џим Вудринг?**

"Франк и Свињчо (лик од минатиот број на ЛИФТ) се на некој начин јин-јанг", објаснува Вудринг за двата главни ликови во своите стрипови (речиси без зборови). "Тие не можат да постојат еден без друг. На Свињчо, Франк му овозможува да украде некои добри работи од него, а на Франк му е потребен Свињчо за да му внесе промена во животот", вели Вудринг. "На почетокот Франк беше олицетворение на доброто: невин, простодушен, дружељубив, а Свињчо исполнет со сите можни негативни особини: алчен, кукавица, глуп и предавник." Но, во последните стрипови, Франк и Свињчо разменуваат некои од своите карактеристики.

Дали кошмарните приказни на Џим Вудринг се повеќе од чиста фантазија, резултат од неговите животни искуства? Да, тие се дел од животните искуства, признава Вудринг, додавајќи: "Приказните речиси се диктираат самите, а јас само ги цртам."

Марк Фрауенфелдер (**WIRED**)






Friv
$8
THE BIZARRE MINDS OF CHILDREN
2


'TWAS THIS
'TWAS THIS
'TWAS THIS
'TWAS THIS
Ask the Sea...
3


4





6




8


J.W.


The Last Word in Comics!
KITCHEN SINK COMIX
Роберт Крамб
Krazy Kool


ВЕРВЕРИЧКАТА
ВЕРВЕР
SQUIRRELY
THE SQUIRREL
НАЈЛУДОТО МАЛО ТИПЧЕ ШТО ДОСЕГА СЕ ПОЈАВИЛО НА ПАРЧЕ ХАРТИЈА!
ЌЕ ОДАМ ДА ВИДАМ ШТО НАУМИЛ ПРЉАВИОН СТАР ЛИСЕЦ! МОЖЕБИ СЕ ТРУДИ ДА МЕ ФАТИ И ИЗЕДЕ КАКО МНОГУПАТИ ДОСЕГА!
КВИК! КВИК!
SQUIRRELY
ЕЈ, ФАРНИ, ТИ ГЛУП ИДИОТУ!! ШО ПРАИШ?
ООО, ТИ СИ! ШТО МИСЛИШ, ШТО ПРАВАМ?


НЕ БИДИ ДРЗОК СО МЕНЕ! ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊЕТО!
J-JAC РЕШИВ ДА СЕ ПРОМЕНАМ... СЕ ЗАМОРИВ ОД БРКАЊЕ ВЕРВЕРИЦИ И ЗАЈАЦИ... ПА, СТАНАВ ВЕГЕТЕРИЈАНЕЦ...
ОВА Е МОЈАТА ГРАДИНА СО ЗЕЛЕНЧУК... ОВДЕ ИМАМ МОРКОВИ, РЕПКА... ОНДЕ РОТКВИ... ОНДЕ ДОМАТИ, ТАМУ НА КРАЈ...
ХММ... ФИНО...
ВЕРВЕР!! ТЕ МОЛАМ НЕ ГАЗИ НА ТИЕ БЕБИ-РАСТЕНИЈА!! ЌЕ ГИ УБИЕШ!!!
ХУХ?? Ш'О РЕЧЕ??
TROMP
TROMP
ЕЈ! ШТО ПРАВИШ??!
ХА, ХА, ХА, ХА
FFOFF!
PAF
PHUD!
СТОЈ! СТОЈ! МОЈАТА ГРАДИНА!!
ХАВ, ХАВ, ХАВ, ХАВ ХАВ!!!
KICK
THUD!
BOOF!
BAP
ЗОШТО ТИ -
ХА, НЕ МОЖЕШ ДА МЕ ФАТИШ!!! ХАР, ХАР!


ЕЈ! ШТО Е ОВАА СТВАР??
ВНИМАВАЈ!! МНОГУ Е ЈАКО. НЕ СМЕЕШ ДУРИ НИ ПАРЕАТА ДА ЈА ВДИШЕШ!!
САМО ТОА ШТО ГО ПРЕПИША ДОКТОРОТ! ТА ХИ!
YOW!
ДДIIIЕЕ!! МОИТЕ ОЧИ!! НЕ ГЛЕДАМ!
ПРИГУШЕН КИКОТ!
ХА, ХА, ХА!! ЌЕИФ МИ Е ДА ГО ЗАДЕВАМ!
СЛЕДНИОТ ДЕН!!
Х, ХММ! ДОСАДНО МИ Е!
ВИДИ, ВИДИ!!! КОЈ Е ТУКА!!
ОПА ОПА!!!
TAP TAP
ЧАО ФАРНИ, ПРИЈАТЕЛЕ МОЈ! ГЛЕДАМ ПОВРЕДЕНИ ТИ СЕ ОЧИТЕ!! ЈАП, ЈАП!
ВЕРВЕР! ТИ СИ ТОА? ЌЕ МИ ПОЗАЈМИШ НЕКОЈ ДЕНАР? ШВОРЦ СУМ И ГЛАДЕН!!


ВАЖИ! НА!
ТИ БЛАГОДАРАМ!
YAAAAK!
Е, СЕГА ГО ПРЕТЕРА!!
ГЛБ!
GLOM
ТИ ЗЛОБНИКУ!! ПУШТИ ГО ТОА СИРОТО, БЕСПОМОШНО, МАЛО ВЕРВЕРИЧЕ!!
ГРРРР!
ШТО СЕ СЛУЧУВА ОВДЕ?!
ГЛБКРРР!
СЕГА СИЛЕЏИЈО ЌЕ ТЕ СТАВАМ НАКАДЕ КАДЕ ШТО НЕМА ДА МОЖЕШ ДА МАЛТРЕТИРАШ БЕСПОМОШНИ ВЕРВЕРИЧКИ!
BONK
THUD!
BOP
НЕ СМЕЕШ ДА ПОБЕДИШ!
ВО МЕЃУВРЕМЕ!
ДАЛИ СЕ ЧУВСТВУВАШ ПОДОБРО ЗЛАТО!
НЕЛИ СУМ ЃАВОЛ?? ХЕ, ХЕ!
АХ, КОЛКУ СИ СЛАДОК!
THE END


BIG FINE LEGS
ГОЛЕМИ УБАВИ НОЗЕ
НАСТАПУВА:
MR. SNOID
ЕЈ, ОПА, ПА!
ВИДИ ГИ НОЗЕВЕ!
МИСЛАМ ДЕКА ЌЕ СЕ ПРОШЕТАМ! ХЕ, ХЕ!
НЕ СЕ ОВА СЛАБИ НОЗЕ НА НЕКОЈ ПОЗНАТ!
НЕ СЕ НИ ДЕБЕЛИ! ОВИЕ НОЗЕ СЕ НАВИСТИНА ДОБРИ! МУСКУЛАТУРНИОТ ТОНУС Е ПЕРФЕКТЕН!
ОО, БОЖЕ!


ШТО...?
ПОЧНА ДА ТРЧА!
НАЈВЕРОЈАТНО БЕГА ОД МЕНЕ!
АХ! СЕ ОБИДУВА ДА ГО СТИГНЕ ПРЕПОЛНИОТ ГРАДСКИ АВТОБУС!!
BAR
МОРАМ ДА СЕ КАЧАМ ВО АВТОБУСОВ, АМА НЕМАМ НИ ДЕНАР!
ЌЕ СЕ ШМУГНАМ!
КАДЕ ОТИДОА ТИЕ НОЗЕ??
ЕВЕ ГИ - НЕ, НЕ СЕ ТИЕ, МНОГУ СЕ СЛАБИ!
МОРАМ ДА ГИ НАЈДАМ!


ААХХ!! ЕВЕ ГИ!
АХХ, ЈАС, АХ!!! КАКВИ ПРЕКРАСНИ РАБОВИ!!
КАКВА НЕЖНА КОЖА! ММММ.....
ИЗВИН...., ..ИЗВИ....
АХХ... КАКВО БЛАЖЕНСТВО! КАКВО ЗАДОВОЛСТВО!
НЕКОЛКУ МИНУТИ ПОДОЦНА
ООХ, ААХ, ХХХ, ОХХХХ!
ОООП!
ТАА СЛЕГУВА!
(ЗА МАЛКУ ЌЕ СВРШЕВ, БЕВ ГОТОВ)


ЈАС СЕ ЗАЉУБИВ ВО ТИЕ НОЗЕ!
ШТО ЌЕ ПРАВАМ??! МОРАМ ДА СМИСЛАМ НАЧИН КАКО -
ВЛЕГУВА ВО ТАА КУЌА... НЕ МОЖАМ ДА СМИСЛАМ ШТО ДА Ѝ КАЖАМ!
SLAM
ЕХ! ДА ТЕ ЕБАМ!!
ЕЈ ТИ! ДОЈДИ ВАМУ! ДА ЈА ВИДАМ ТВОЈАТА Л.К.!!
!
POLICE DEPT.
НЕ МОЖЕШ СЕКОГАШ ДА ГО ДОБИЕШ ОНА ШТО ГО САКАШ, Г-ДИН. СНОИД!

# КАКО ДА ИЗВЕДЕТЕ ЗКУСНА СИРЕНА




МЕЃУДРУГОТО... СИРЕНАТА ШТО ЈА КУПИВ (ИЛИ БЕВ ОБЗЕМЕН ОД НЕА?) БЕШЕ НА ПОДОБАР ГЛАС ОД АЛЧНИОТ ГАЗДА НА ДЕЈВОВАТА РИБАРНИЦА. НЕ СЕ ЦЕНКАВ ЗА ЦЕНАТА ЗАШТО И ОНАКА БЕВ ПОВИКАН ОД НЕА!


КОГА НА СИРЕНАТА Ѝ СЕ ОЛУПЕНИ КРЛУШТИТЕ ТАА Е МНОГУ ВОЗБУДЕНА, ПА СЕКОЈ ГОТВАЧ ЧУВСТВУВА НЕОДОЛИВА ЖЕЛБА ЗА СЕКСІ НО, МОРА ДА ЈА ЗАДУШИМЕ СТРАСТА И ВЕДНАШ ДА МИНЕМЕ НА СЛЕДНИОТ ЧЕКОРІ НЕ СМЕЕМЕ ДА ЗАБОРАВИМЕ ДЕКА ПОДГОТВУВАЊЕТО НА СИРЕНАТА ДОДЕКА Е СВЕЖА Е ПРВИОТ УСЛОВ ЗА ВКУСНО ЈАДЕЊЕ.



GIANTS
СЕ ПРАШУВАМ... ДОДЕКА ГО ПИЕВ ПИВОТО ВО
КУЈНАТА, НА ТВ ВИДОВ ДЕКА ЊУЈОРШКИТЕ ЏИНОВИ
ПОБЕДИЛЕ... ДАЛИ ОВА ГО РАБОТАМ ОД ЉУБОВ?
АКО ГОТВАЧОТ СЕ ЗАЉУБИ ВО СВОИТЕ НАМИРНИЦИ СЕ НАОЃА ВО МНОГУ НЕЗАВИДНА СИТУАЦИЈА. КУЈНСКИОТ НОЖ Е ТАП, ЌЕ МОРАМ ДА ГО НАОСТРАМ ЗА СИМНУВАЊЕТО НА КРЛУШТИТЕ ДА Ѝ ГО НАПРАВАМ ПОПРИЈАТНО! ИСТО ТАКА ПРИ ВАРЕЊЕТО МОРАМ ДА ВНИМАВАМ И НА СИЛИНАТА НА ОГНОТ! МНОГУ Е ВАЖНО ЗА ДОБРИОТ ВКУС!
OCTOPA'S SAUCE
STEAK SAUCE
САМО ДОДАДЕТЕ ОД СОСОТ КАКО ПРЕЛИВ ВРЗ ВАШАТА СИРЕНА И ТОА... ВЕДНАШ!
$1.30
NET WT 5oz


ЈАС РАЗБИРАМ ДЕКА ВИЕ НЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ БЕЗРЕЗЕРВНО ДА ГО СЛУШАТЕ ПОСЛЕДНИОТ ЗБОР НА ВАШИОТ ЉУБОВНИК, НО ВО ОВОЈ СЛУЧАЈ, КАКО И ПОВЕЌЕТО СИРЕНИ, ТАА Е МАЗОХИСТ И ТРЕБА ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ ОД ЉУБОВНИТЕ ЗБОРОВИ СО КОИ ТАА НÈ ОПСИПУВА.
И НАЈПОСЛЕ ДА ЈА ПРОБАМЕ ВКУСНАТА СИРЕНА!
FROM "THE MORAY THEATRE SHOW"
MUSIC by DIONYSOS 1987 ® GORO DALMA

# ГЕРИ ЛАРСОН - КАРИКАТУРИ

Гери Ларсон е име во Британија и Америка речиси исто толку познато колку и фамозното и веќе историско Монти Пајтон. Него некои критичари и го нарекуваат "Монти Пајтон на карикатурата", но сепак пред сѐ е валиден ставот дека Гери Ларсон и во стрипот и во карикатурата воспостави некои малку поинакви стандарди, нудејќи го својот мошне особен тип на исчашен хумор. Иако неговите стрипови и карикатури често пати се фатално одредени од јазичниот и културниот контекст во кој Ларсон живее (што значи, тешко разбирливи за не-англичаните), ние сепак се обидовме да пренесеме барем делче од неговите многубројни карикатури повеќе години објавувани во неколку британски списанија. Карикатурите ги одбра и преведе скопскиот "стручњак" за Ларсон, Дуле Вељановски.



"Ха! Тоа го докрајчи!.... Цело време знаев дека еден ден ќе дојде по другата нога!"




Неколку дена по "инцидентот" со КИНГ-КОНГ, Њујорчаните се вратија во вообичаениот животен ритам.




Вечерно училиште за опслужувачи на електрична столица



"Човече!" И кафето е ладно! На сѐ внимавале!"



"Како и обично, принцезата Лувана е во центарот на вниманието... Но, јас да ти кажам, под тие завои, за да не се распадне, таа целата е обвиткана со конопи!"




**Момент пред пред да биде растргнат, Едгар се сеќава дека истата таа бизарна кравата ја беше видел ден порано.**



Даглас е исфрлен од групата-Лажици



Кртови - планери



Неверојатно, Морти заборавил да ја понесе џебната книга.



Тоа е тоа, сине - моето старо игралиште... Боже, сеќавања...




**Класични разговори на "случајни" наминувачи.**

ЉУБОПИТНОСТ...

владимир 95



TEMPLUM



КНИГИ ЗА СЕКОЕ СЕМЕЈСТВО!